**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-535
30.11 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и168/18), во врска со член 52 од истиот Закон, член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.185/14), а согласно член 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за изаршен програмски надзор бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради необјавување на правилата при емитување на квизови или различни облици на наградно учествување на гледачите, на начин пропишан од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и на член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.1е5/14), а казнива по член 148 став 1 точка 6 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноемари 2018 година, на државно ниво, не беа објавени правилата за учество во емисијата „Возење со Вучиќ", жанровска комбинација од квиз и од игра со наградно учествување, емитувана во периодот од 02:48:55 (прва реприза) до о3:37:25 часот; во периодот од 10:55:41 (втора реприза) до 11:44:09 часот и во периодот од 17:57:33 (премиера) до 18:44:56 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17и168/18), е надлежнада врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Во член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пропишано е дека давателот на аудиовизуелни медиумски услуги при емитување на квизови или други различни облици на наградно учествување на гледачите е должен да обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда, на начин пропишан од страна на Агенцијата.

Согласно член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, за емитувањето програми со наградно учествување е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 23 ноември 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 3 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Имено, со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, не беа објавени правилата за учество во емисијата „Возење со Вучиќ“, жанровска комбинација од квиз и од игра со наградно учествување, емитувана во периодот од 02:48:55 (прва реприза) до 03:37:25 часот; во периодот од 10:55:41 (втора реприза) до 11:44:09 часот и во периодот од 17:57:33 (премиера) до 18:44:56 часот, односно, ниту водителот ниту радиодифузерот, како уредувачки одговорен за емитувањето на емисијата, на својата веб-страница не ги објавија задолжителните информации во врска со правилата за учество во квизот/играта со наградно учество.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.1о-5099/1 од 23.11.2о18 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 2о став 1 алинеи1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска оо член 52 од истиот Закон, член 3 од Правилникот за програми оо наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена аредност, а согласно член 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.о1-6о39/1 од 2о.1о.2о15 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.1о-5099/1 од 23.11.2о18 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение оо кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 3о (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење оо одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, оо цел да се утврди дали оубјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен оуд. Тужбата за поведување на управен опор се поднесува во рок од 3о дена од денот на приемот на решението.

Врз оонова на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен оуд. Тужбата за поведување на управен опор се поднесува во рок од 3о дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5099/1 од 23.11.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодисфузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.